ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**МАЈ – ЈУНИ 2018**



## Проект за “Екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи”

**Во рамките на техничка соработка која се остварува помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Јапонија, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), започнаа со имплементација на “Проект за градење на капацитети за Екосистемски-базирано Намалување на Ризици од Катастрофи (Еко-НРК) преку одржливо управување со шумите во Република Македонија”.**

**Целта на овој проект е преку употреба на повеќекорисничката вредност на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна функција, на долгорочна основа, во Република Македонија да се намалат ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари. Како главен спроведувач/имплементатор на проектот од страна на Владата на Р. Македонија ќе биде Центарот за управување со кризи, во партнерство со ЈП “Македонски шуми”.**

**Проектна соработка помеѓу двете страни формално започна во декември 2017, а од средината на март 2018 година, пристигнати се експертите од Јапонска страна и во постапка се проектните активности кои се предвидени до за оваа година. Во тие рамки, денес 08.05.2018 година, во хотел Континентал, Скопје, се одржува воведен семинар за презентирање на проектот и иницијално запознавање со концептот на Еко-ДРР.**

**(продолжува на стр. 2)**

## "Проект за градење на капацитети за Екосистемски-базирано Намалување на Ризици од Катастрофи "



На овој воведен семинар, во своето обраќање пред присутните, директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку изрази благодарност до Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA) и истакна дека прифаќањето на овој проект од страна на Владата на Јапонија, практично претставува продолжение на повеќегодишната соработка и изградената доверба во капацитетот на ЦУК и на другите партнерски институции кои ќе бидат опфатени со активностите на овој проект.

Имено, интензивната соработка помеѓу двете страни започна во 2011 година преку проектот за воспоставување на Интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари, потоа преку реализацијата на т.н. Програма за обуки на трети земји, каде Р. Македонија помогната од JICA, прерасна во промотор на стекнати знаења и искуства во земјите од регионот, и со започнувањето на овој проект, се продолжува заедничката соработка во следните 5 години.

Како што потенцираше Буџаку, преку овој проект во Република Македонија ќе биде применет концептот на екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR), со крајна цел да се намали интензитетот и фреквентноста на природни непогоди, како што се поројните поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата, кои во последните години предизвикуваат големи физички штети, социо-економски последици и доведуваат до тешка деградација на природната средина.

Основните резултати кои се очекува да бидат постигнати преку имплементацијата на овој проект се однесуваат на следните две области:

(1) Зајакнување на националните капацитети за координација помеѓу домашните релевантни институции во системот за управување со кризи преку надградба и проширување на функциите на постоечкиот Македонски информативен систем за шумски пожари – MKFFIS, со воведување на нови модули за превенција, рано предупредување и справување со поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата, и

(2) Подобрување во националното управување со шумите во Р. Македонија со воведување на нови практики и технологии со цел да се зајакне и прошири заштитната функција на шумите и преку тоа, на долгорочна основа да се намалат ризиците од природни непогоди, пред се од поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата.

Водејќи се од овие очекувани резлултати, во имплемнтацијата на проектот од Македонска страна, покрај ЦУК, како партнери и соработници активно ќе бидат вклучени институциите од областа на шумарството и животната средина, како што се ЈП Македонски шуми, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за хидрометеоролошки работи, Секретаријатот за европски прашања, Шумарскиот факултет при УКИМ и други.

Бидејќи во текот на имплементацијата на проектот ќе бидат спроведувани практични теренски активности за санација на високоризични локации, посебно место и улога ќе има и вклучувањето на Единиците на локалната самоуправа и Јавни претпријатија формирани од нивна страна, како и локалната зедница, односно граѓаните кои се директно изложени на ефектите од природните непогоди.

Со ваквиот концепт на имплементација, овој проект воведува еден сеопфатен пристап и широка инклузивност на сите засегнати страни, со што се очекува да се обезбеди висока одржливост на постигнатите резултати.

Покрај директорот на Центарот за управување со кризи, свое обраќање пред присутните имаше и г-н Хидеја Кобајаши, постојан претставник на JICA за Балканот.

## Работилница за проектот: Управување со сливот на река Струмица и формирање на работна група Совет за управување со сливот на река Струмица




**На 4 и 5 Јуни во Хотел „Сириус“ се одржа работна средба со членови од повеќе релевантни институции и која претставува еден вид на подготовка за формирање на Совет за управување со сливот на река Струмица во рамките на Проектот - Управување со сливот на река Струмица, Овој проект се спроведува од 2014 година па наваму преку Центарот за развој на југоисточниот плански регион со финансиска и техничка поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП, како и партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините низ кој минува сливот на реката Струмица (Конче, Радовиш, Струмица, Ново Село, Василево и Босилово).**

**Главната цел на овој проект е долгорочно да го подобри управувањето со водите во рамките на овој исклучителено ранлив еко систем - сливот на река Струмица, кој ја опфаќа територијата на шесте општини и кои преку спроведување на серија мерки на ниво на сливно подрачје да се подобри квалитетот на водите во сливното подрачје, но и да се минимизираат оние ризици по населението, економските добра од поплавите, сушите и другите штетни ефекти поврзани со водните ресурси. На оваа работилница и претходеа низа работилници во кои беа идентификувани главните предизвици на управувањето со водите, целите и очекуваните резултати од проектот, новините во управувањето со водите кај нас, како и современите техники за стратегиско планирање во областа на водите.**

**Во рамките на овој проект во изминатиот период направени се сеопфатни истражувања, анализи, модели и Планови кои беа презентирани по следните теми: Преглед на постојната, националното и европското законодавство што го регулира управувањето со речните сливови и улогата на Советите; Презентација и дискусија по однос на нацрт Планот за управување со сливот на реката Струмица; Презентација и дискусија по односна нацрт Планот за управување со ризик од поплави. Презентација на моделите за управување со поголемите акумулации во рамките на сливот на река Струмица (Турија и Водоча) заради одбрана од поплави и други намени; Резултатите од мониторингот на водите во сливот на река Струмица (хидрологија и квалитет) Преглед на клучните активности и досегашни резултати на Проектот за управување со сливот на река Струмица.**



## Работилница во Радовиш во рамките на проектот „Екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи“

**Во рамките на техничка соработка која се остварува помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Јапонија, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), се започна со имплементација на “Проект за градење на капацитети за Екосистемски-базирано Намалување на Ризици од Катастрофи (Еко-НРК) преку одржливо управување со шумите во Република Македонија”.**

**Целта на овој проект е преку употреба на повеќекорисничката вредност на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна функција, на долгорочна основа, во општина Радовиш да се намалат ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари. Како главен спроведувач/имплементатор на проектот од страна на Владата на Р. Македонија ќе биде Центарот за управување со кризи, во партнерство со ЈП “Македонски шуми”.**

**За таа цел на ден 15.05.2018 година во општина Радовиш се одржа работилница на која беше претставен самиот Проект и присуствуваа претставници од повеќе институции од општината како: Регионален центар за управување со кризи - Радовиш, ЈП „Македонски шуми” ПШС „Плачковица“ Радовиш, ПЕ „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство“ Радовиш, МВР ПС-ОН Радовиш, Општина Радовиш, ПЕ „Агенција за катастар на недвижности“ Радовиш, ЈП „Плаваја“ Радовиш и Експерти од ЈИЦА (вклучени на проектот).**

## ЦУК во ЕУ ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција 2014 – 2020 година во проектот “Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош“

**Центарот за управување со кризи учествуваше во ЕУ ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција 2014 – 2020 година (IPA Cross Border Cooperation) 2014 – 2020 во проектот “Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош“ (Integrated Operations Center for Providing Humanitarian Assistance – HELP).**

**Покрај Центарот, во проектот учествуваа и други корисници: Технолошки образовен институт на Централна Македонија (TEICM) - Отсек за машинство инженерство, Р. Грција (главен носител на проектот); Министерство за внатрешни работи и административни реформи, Р. Грција; Центар за развој на Југоисточниот плански регион – Струмица, Р. Македонија; Грчки спасувачки тим (HRT), Р. Грција.**

**Проектот HELP има за цел да го зголеми капацитетот и подготвеноста на хуманитарната помош во прекуграничната област заради ефективна и ефикасна превенција, ублажување и управување со ризици од катастрофи.**

**Согласно проектните активности, главни цели на проектот се: Подобрување на оперативното знаење на персоналот кој учествува во активностите за управување со кризи; Подобрување на нивото на компатибилност и соработка во двете земји за време на кризниот настан; Активно учество на општествените чинители во активностите за управување со кризи со цел да се максимизираат нивоата на нивната свесност и реакција**

**Клучни резултати: Дизајн и имплементација на мобилна инфраструктура за управување со кризи; Команден центар | Мобилен контејнер C4I; Прва помош; План за управување со кризи; Развој на протоколи и заеднички акциони планови за прекугранична соработка помеѓу - Грција – Република Македонија за кризни настани; Прекугранична мрежа за соработка.**



**Согласно проектните активности беше одржан иницијален состанок со Серес, Република Грција на 29.05.2018 година на кој присуствуваа сите партнери во проектот, вклучувајќи ги и претставниците на проектната единица од Центарот за управување со кризи. На состанокот беа презентирани проектните аспекти и акциониот план, протоколите за идна соработка помеѓу корисниците и проектниот менаџмент.**



## Работилница за намалување на ризици од поплави на течение на р. Црн Дрим - Дримскиот басен во Тирана

**Од 25 до 27. 06. 2018 година, претставник на Центарот за управување со кризи на Република Македонија, Душко Петровски учествуваше на работилницата „Управување со поплави“, која се одржа во Тирана, Република Албанија. Истата беше посветена на намалување на ризици од поплави на течение на р. Црн Дрим - Дримскиот басен. На последниот ден од работилницата беше и директорот Агрон Буџаку, кој оствари средба и работен состанок со одговорниот регионален проект менаџер од ГИЗ г-динот Gerrit Bodenbender, како и размена на мислења за можните наредни активности и реализација на овој проект.**

**На работилницата одржана во рамките на мултилатерална соработка на земјите од регионот, учествуваа претставници од Р. Македонија, Р. Албанија, Р. Косово и Р. Црна Гора, а целта беше подобрување на меѓусебната и меѓуграничната соработка на полето на управување со состојби и можни поплави предизвикани од р.Дрим и сите нејзини притоки од Р.Албанија, каде извира оваа река до нејзиното вливање во Јадранското Море во Р.Црна Гора.**

**Истовремено, на работилницата кој ја водеше експертот Peter Heiland, учесниците беа запознати со EU-Floods Directive (FD), обезбедување на заедничка соработка помеѓу сите земји од Дримскиот регион. Самата директива има за цел да даде осврт кон намалувањето на штетните влијанија и последици од појавата на поплави предизвикани од различните фактори. Исто така беше разговарано за имплементација на оваа Европска директива од страна на сите засегнати земји. Беше разговарано за потребата од изработката на план за управувањето со ризици и пополави Plan Flood Risk Assesment (PFRA).**

**Во текот на работилницата беа разгледани можностите за зајакнување на соработката помеѓу сите овие земји во сите три фази: фазата на превенција и превентивни активности кои треба да се преземат од страна на сите засегнати земји, фазата на раното предупредување, фазата на управување со настанати опасности поплави како и фазата на надминување на последиците и меѓусебна помош на засегнатите земји.**



## Соработка за намалување на ризиците од катастрофи и менаџирање со ризици, 20-23 Март 2018 година Анкара, Турција

Директорот на Центарот за управување со кризи Агрон Буџаку, на покана на Република Турција учествуваше во програмата за “Соработка во намалување на ризиците од катастрофи и менаџирање со ризици”. Посетата се реализираше од 20- 23 Март 2018 година во Анкара и истата беше во организација на Авторитетот на Премиерот на Република Турција за управување со итни ситуации и катастрофи (AFAD)

По оваа програма поканети беа и земјите од регионот; Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Македонија. Поради вонредната ситуација со поплавите во нивната земја, делегацијата на Албанија отсуствуваше од овој настан.

Делегациите на присутните земји беа воведени во надлежностите и активностите на AFAD. Домаќините несебично ги споделија своите знаења и искуство во областа на управувањето со катастрофи и се развија можности за заедничка соработка и поддршка во намалување на опасностите од несреќи и катастрофи.

Во текот на посетата, делегациите имаа можност да посетат и да се запознаат со техничките капацитети со кои располага AFAD и со кои капацитети и можности се справуваат во одредени итни и вонредни ситуации. Беа посетени и регионалните центри на AFAD во Бурса и Истамбул, и запознаени со начинот на нивната координација и ефикасност во дејствувањето. Оваа отворена презентација на функционирањето на нивниот систем и нивната техничката опременост нуди соработка во делот каде секоја земја би имала потреба од таков вид на помош и поддршка во делот за заедничко регионално намалување на ризиците од катастрофи.

Во рамките на посетата се реализираше билатерална средба помеѓу Директорот на ЦУК и Директорот на AFAD, др. Мехмед Гулуоглу. Од страна на Директорот Агрон Буџаку беше искажана благодарност до AFAD за поканата и за нивната спремност и отвореност за споделување на нивното искуство и добри практики во справувањето и намалување на ризиците од идни несреќи и катастрофи.

Во разговорот беше нагласена потребата од финализирање на Договорот помеѓу двете држави за соработка во областа на спречување, ограничување и ублажување на последиците од несреќи и катастрофи.
Заеднички се потврди дека Договорот за соработка е добра основа за понатамошна добра и успешна соработка.

## Соработка за намалување на ризиците од катастрофи и менаџирање со ризици, 20-23 Март 2018 година Анкара, Турција
















## Одржана седница на Регионален штаб на ПО-РЦУК Прилеп



**На ден 10.05.2018 година во Регионалниот центар за управување со кризи – Прилеп (РЦУК Прилеп), се одржа редовен работен координативен состанок со Штабот и претставници од субјекти од Системот за управување со кризи.**

**На состанокот со кој раководеше раководителот на РЦУК – Прилеп и на Регионалниот штаб за управување со кризи – Прилеп, Илко Петкоски, беа разгледани следните точки од дневниот ред: Анализа на настанати опасности во изминатиот период со посебен осврт на поплавите и причинетите штети од истите; Разгледување – проценување на евентуални ризици и опасности кои би можеле да настанат во наредниот период; и подготвеност на надлежните субјекти и начин на нивно функционирање во евентуална опасност од ризици и опасности.**

**По кратките брифирања на претставнците од субјектите за превземени превентивни мерки и плановите за дејствување во случај на настаната кризна состојба и дискусијата која се разви од различните области, беше заклучено дека во периодот помеѓу месец Ноември 2017 год. и месец Мај 2018 година, во зоната на одговорност на ПО РЦУК Прилеп немаше регистрирано настани со вонреден карактер од поголем обем.**

## Отворена Меѓународна летна школа „Управување во услови на мигрантски кризи"





ЦУК, 19.06.2018 - На Воената академија во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, денеска беше отворена Меѓународна летна школа „Управување во услови на мигрантски кризи" која ќе трае до 24 јуни. Организатор е Филозофскиот факултет од Скопје, заедно со Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии од Сараево и Велеучилиште од Велика Горица. Покрај деканите на факултетите кои го организираат настанот, на отворањето се обратија и вицепремиерката и министер за одбрана Радмила Шекеринска, ректорот на УКИМ Никола Јанкуловски, директорот на Центарот за управување со кризи, Агрон Буџаку и директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џафероски.

Во текот на првиот модул, директорот на ЦУК, м-р Агрон Буџаку пред учесниците на школата имаше предавање на тема „Социо - економско и културолошко влијание на глобализацијата на миграциите".

## Санирање на последиците од обилните врнежи во Скопско




**По обилните врнежи од дожд во Скопје и околината во попладневните часови на 06.05.2015 година, во опш.Гази Баба има оштетувања на селските патишта кон Страчинци, Црешево, Виниче и дел од Стајковци каде што екипи на комуналните служби од општината вршат санирање.**

**Од АД Водостопанство на РМ – Скопје, во врска со врнежите од дожд, на ден 06.05.2018 година направи увид на водостоите на речните корита и каналската мрежа за одводнување на територија на градот Скопје и надвор од урбан дел на град Скопје во општините Илинден, Петровец и Зелениково.**

**- Во опш.Гази Баба - населено место Стајковци и Синѓелиќ имало помали излевања кои не направиле поголеми штети со исклучок на помали излевања од ободниот канал за одводнување на места каде што локалното население има изработено премини за кои нема согласност од АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје.**
**- Од раните утрински часови на 07.05.2018 година, механизацијата на АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје отпочнале со чистење на ободниот канал што довело до намалување на водостојот.**
**- Пумпната станица во Таор работи со полн капацитет.**
**– Каналската мрежа за одводнување на територијата на општините Илинден, Петровец и Зелениково е полупразна и не постои опасност од преоптоварување.**

## Најава за локално невреме 15.5.2018

**Во вечерните часови во земјава се очекуваат поинтензивни процеси во форма на невреме со обилен пороен дожд, грмежи и засилен ветер. За кратко време, претежно во западните и северните делови се очекува да наврне поголема количина воден талог (локално над 25 л/м2 дожд). Можна е и локална појава на град, особено во североисточните делови. И во Скопската котлина попладне ќе биде нестабилно со пороен дожд и грмежи, а во вечерните часови процесите ќе се интензивираат.**

## Превентивна теристичка дезинсекција во Битолско

**Од Центарот за Јавно здравје – Битола известуваат дека на ден 15.05.2018 година екипа на ЦЈЗ Битола, на подрачјето на опш.Битола ќе спроведува ЛАРВИЦИДНА ПРЕВЕНТИВНА теристичка (од земја) дезинсекција со цел уништување на ларвните облици на комарците. Запрашувањето ќе се врши во претпладневните часови. Од страна на ЦЈЗ Битола известени се и медиумите, здруженијата на пчеларите, здравствените институции, локалната самоуправа и сите останати надлежни институции.**

## Обилни врнежи од дожд и град во општина Лозово 14.06.2018

**Во текот на вчерашниот ден, во период од 16:00 до 17:00 часот, невреме проследено со обилни врнежи на дожд, град и силен ветер ја зафати општина Лозово, односно во селата: Лозово, Серимзалино, Каратманово и Дурфулија. Градот со големина на орев направил штета на посевите, на неколку покриви од куќи во Сарамзалино, а поплавени се повеќе подрумски простории во с. Каратманово. На лице место бил градоначалникот на општината со екипа за санација и расчистување. Формирани биле екипи за процени кои во текот на наредните денови ќе вршат процена на штетите.**

## Истекување на плин на бензинската пумпа Окта во Шуто Оризари 11.6.2018

**Синоќа, пред полноќ дојде до истекување на плин на бензинската пумпа Окта во населба Шуто Оризари, која предизвика истекување на Пропан бутан во гасовита и во течна состојба. Од страна на службите на МВР веднаш беше затворена за сообраќај улицата Втора Македонска Бригада кон Шуто Оризари, а три часа потоа на лице место е дојдено лицето од фирмата за одржување на овие системи кој го затворил вентилот. По направениот увид од страна на експерти од „Окта“, констатирано е дека нема големи концентрации од плин во воздухот, сигурносниот вентил бил исправен и затворен, по што полицијата го деблокирала патот и сообраќајот се одвива нормално.**

## Состојба по обилни врнежи од дожд и невреме 15.06.2018

**Скопски регион**
**Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови како последица на врнежи примени се дојави за задржување на поголема количина на вода на крстосницата на улиците Марк Твен и Ацо Шопов, како и за заезерување на водата на патот од пругата кон с.Волково (кај „Шкорпиот“ и месарата „Мега“). Од страна РЦУК Скопје веднаш се известени надлежните служби.**

**Битолски регион**
**Околу 18:00 часот, подрачјето на општина Ресен било погодено од силни врнежи од дожд и град со кои во поголема мера биле погодени селата Горно Дупени, Евла и Болно и атарот на м.в.Ресенски Лозја. Врнежите траеле 15тина минути, а градот бил со големина на лешник, при што е предизвикана голема штета на овошните насади.**

**Велешки регион**
**Од невремето кое на ден 13.06.2018 година ги зафати подрачјата на општините Свети Николе и Лозово, нанесени се значителни штети на земјоделските култури. На подрачјето на општина Свети Николе се врши увид и процена на настанатите штети. На подрачјето на општина Лозово, покрај штетите на земјоделските насади, поплавени се куќи и оштетени се покриви на куќи. Во с.Сарамзалино паднати се електрични столбови и скинати се жици од системот за електро снабдување. Во атарот на с.Лозово дојде до излевање на отворениот канал од хидросистемот Брегалница, при што направени се дополнителни штети на земјоделските површини и објектите.**

**Штипски регион**
**По невремето кое го зафати ова подрачје, на ден 13.06.2018 година, од 19:00 до 21:30 часот, ТППЕ Кочани интервенирале на отстранување на четири тополи во с.Уларци. Во Кочани, на ден 14.06.2018 година, интервенирале за црпење на поплавени простории од обилни врнежи и тоа: Од дуќани во Трговскиот центар; Од подрумски простории на поранешната фабрика за хартија и Од подрум на семејна куќа на ул.Иван Иванов..**

## Состојба по обилни врнежи од дожд 16.06.2018

**Скопски регион**
**Во текот на вчерачниот ден, поради силниот ветар и обилните врнежи од дожд кои го зафатија градот Скопје имало дојави за паднати дрва на различни локации, за што веднаш се информирани во ЈП Паркови и зеленило – Скопје. Исто така, по дојавата дека на ул.Карл Либнех, помеѓу зградите со броеви 3 и 4 има паднато греди и дел од лимен кров, веднаш биле известена опш.Гази Баба за понатамошно постапување.**

**Битолски регион**
**Како последица на поројниот дожд кој го зафатил градот Прилеп (околу 30 л/м2) во периодот од 12:30 до 13:00 часот, заради неможноста канализационата мрежа да ги прими врнежите дошло до поплавување на улиците Димо Наредникот, Бидимаш, бул.Гоце Делчев во централниот дел од градот при што било отежнато одвивање на сообраќајот. По престанување на врнежите состојбата се нормализирала. Екипите од Јавните комунални претпријатија интервенирале на одзатнување на шахтите и расчистување на нанесената кал по градските улици. Забележана е и појава на слаб град но засега нема информации дали има штети на земјоделските површини во околината на Прилеп. Пријавени се поплавени подрумски и приземни простории во нас.Тризла како и од куќа на ул.Цане Коњарец. Интервенирале од ТППЕ Прилеп.Пријавен е и удар на гром во куќа на ул.Поп Спасе Игумен. Причинета е материјална штета но не бил предизвикан пожар. Прекин на снабдувањето со електрична енергија заради дефект имало во централното градско подрачје во нас.Дебој, нас.11 Октомври и реонот кај Прилепската касарна, во времето од 14.00 до 16.00 часот. Екипите на ЕВН го отстраниле дефектот.**



Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. mail@cuk.gov.mk